ИЗДАНИЈА НА АРХЕОЛОШКИОТ МУЗЕЈ — СКОПЈЕ
PUBLICATIONS DU MUSEE ARCHEOLOGIQUE — SKOPJE
КНИГА II TOME

# ЗБОРНИК
(1957—1958)
# RECUEIL DES TRAVAUX

AMERICAN SCHOOL OF CLASSICAL STUDIES ATHENS

СКОПЈЕ — 1958 — SKOPJE

# СТАУРОДЕКОРАЦИЈА ОД КОЊУХ

*Д-р КОНСТАНТИН ПЕТРОВ*

Археолошки музеј, Скопје

Проучувањата на фрагментите од пластичната декорација на ротондата во Коњух потполно уверуваат во точноста на тврдењата од С. Радојчиќ, дека на фрагментите многу често се јавува крст, и тоа во најразлични форми.[1]) Еден дел од крстовите се веќе прикажани од С. Радојчиќ,[2]) а јас изложувам мислење за другите.

Пред да биде употребен во христијанската декорација во Коњух, крстот бил изобразуван многу векови во претхристијанските цивилизации како знак или симбол.[3]) Најдените предмети со знаци на крст, како cruces immissae, што го поткрепуваат тврдењето за големата старост на крстот, се многубројни.[4]) Само за објаснување, треба да се додаде дека знаците на крстови и во свое време биле третирани за крстови и имале такво име. На пример, врезаните крстови од Сераписовиот храм Сократ ги наречува χαρακῆρες σταυρῶν.[5]) И заради тоа е сосем точен заклучокот за претхристијанските крстови на Bréhier „ . . . il n'est guère de civilisation ancienne où on ne rencontre sous une forme quelconque".[6])

---

1) С. Радојчић, Црква у Коњуху, из Зборника радова XXI, Визант. инст. САН, књ. I, Београд 1952, стр. 164.

2) Ibidem, сл. 41 и 42.

3) Во Египет (според R. P. Greg, On the Meaning and Origin of the Fylfot and Swastika, Archaeologia, London 1885, vol. VIII, p. 295), потоа во егејската религија (според L. Bréhier, L'art chrétien, Paris 1928, p. 31), на Кипар (според B. N. Head, Historia Numorum, a Manual of Greek Numismatics, Oxford 1911, p. 742, f. 326), во Асирија (според L. Bréhier, o. c., p. 31; Perrot et Chipiez, Histoire de l'art dans l'antiquité, II, p. 621, f. 306; R. P. Greg, o. c., p. 295; Ch. A. Zestermann, Die bildliche Darstellung des Kreuzes und der Kreuzigung Jesu Christi, Leipzig 1867, p. 6), и дури кај старите будисти (според R. P. Greg, o. c., p. 295). Статијата The Pre-Christian Cross во Edinburgh Review for January не ми беше достапна.

4) На пример, кај Коринт (според H. T. Bossert, Altkreta, Kunst und Handwerk in Griechenland, Kreta und auf den Kykladen während der Bronzezeit, Berlin 1923, p. 13, 14. f. 3), во Моливопирго (според W. A. Heurtley, Prehistoric Macedonia, Cambridge 1939, p. 126, 213, f. 83/h, s), во Микена (според R. P. Greg, o. c., pl. XX, f. 26), во Беотија (според B. N. Head, o. c., p. 349, f. 193a, 194) и во Македонија (Head, p. 195, 198, 199, 205, f. 112, 116, 118, 122a, 117).

5) Ch. A. Zestermann, o. c., p. 4 „. . . Hieroglyphen, velche die Form des Kreuzes enthielten . . . eingehauen" (Socrates, H. E. V. 17. P. 276. A. B.).

6) L. Bréhier, o. c., p. 31.

Во честото изобразување на крстови, меѓутоа, настана прекин пред и по почетокот на нашата ера, што секако е во врска со истовремено раширената употреба на крст како средство и начин за распнување на казнети кривци,[7]) а можеби во врска и со карикираната симболика на крстот.[8]) Заради сето тоа непосредното претставување на крст е доста ретко пред IV век.[9])

Меѓу ретките претстави на раните христијански крстови би биле дваесетината зграфита од катакомбите[10]) и крстот на саркофагот на Проб.[11]) На некои римски монети од III и IV век, се употребува во текстот буквата X, која е поголема, погрижливо изработена од другите букви и малку издвоена, така што изгеда како crux decussata.[12]) Само на реверсот од една монета на Констанциј Хлор и Галер Максимијан е поставен прав крст наместо вообичаената ѕвезда.[13])

Веќе од Константиновиот храм Свети Гроб и неговиот labarum наваму, симболот на крст се појавува јавно во религиозната уметност, на гало-римските саркофази, на фасадите од сириските куќи, во апсидите на базиликите[14]) и во другата декорација на базиликите, а често и на државните монети.[15])

Наспоредено со накусо изложениот историски развиток, објаснението на црквата за прапотеклото на крстот е поврзано со животното дрво, според преданието во Legenda aurea.[16]) Изгледа дека е можно, основниот предмет на

---

7) Распнувањето на крст било и стара казна и начин на жртвување (според Каталогъ собрания древностей, Г. А. С. Уварова, Отд. VIII—IX, Москва 1908, стр. 117—122). Казната распнување на крст е најрано забележана на семитскиот ориент, потоа во Картагина, па кај Дионисиј Сиракуски. Кај Александар Македонски оваа казна била многу применувана. Така, при заземањето на Тир Александар наредил да бидат распнати 2.000 заробеници /„duo milia crucibus effixi", Curtius de gestis Alexandri M. IV., 4, 17(19 extr.)/. Во Рим оваа казна е воведена од Пунските војни наваму (според Ениј и Плаут), а укината е во 314 година од Константин (N. Nieri, Enc. It., 1. XII, p. 1). Во легитимниот период Помпеј распнал 6.000 Спартакови војници, а Веспазијан уште поголем број палестински заробеници. Периодот меѓу Пунските војни и 314 година, кога распнувањето било легитимна казна за робови и големи деликвенти во Римската Империја, горе-долу одговара временски на прекинот во изобразувањето крстови во декорацијата. Само надвор од Римската Империја можеше да се продолжи со директното јавно претставување на крстот. Еден од таквите ретки случаи е crux decussata на бактријанските монети на крал Хипостратос од 130 година п. н. е. (според Ch. A. Zestermann, o. c., p. 7).

8) L. Bréhier, o. c., p. 33; J. Reil, o. c., p. 107, 108 му посветува место и на прашањето за врската меѓу источните религии и магарето. Карикираната симболика ја потврдува и зграфитото најдено во Comus Gelotiana (дел од палатата на Септимиј Север на Палатин), сврзано со третирањето на христијаните за „asinarii".

9) L. Bréhier, o. c., p. 32.

10) Според C. Bricarelli, Enc. It., 1. XII, p. 3. Тој не ја исклучува можноста за постоењето и на други зграфита од кои не останале траги.

11) Каталогъ собрания, o. c., стр. 117—122, го смета крстот од саркофагот на Проб за најран пример на јавно претставување на крст.

12) Според H. Cohen, Description historique des monnaies frapées sous l'empire romain, Paris 1886, tome IV, p. 296/65, 497/78, 514/92, t. V, p. 17/24, 53/291, 135/3, t. VI, p. 483/1, 510/168. На други монети од истиот период, буквата X, освен што ги има сите напред речени одлики, има и хасти што се сечат под прав агол, така што буквата X веќе фигурира како crux immissa, кај Cohen, t. IV, p. 336/123, 438/377, t. V, p. 38/172, t. VI, p. 390/64, 429/142, 533/395, t. VII, p. 47/30.

13) Ibidem, t. VII, p. 92/1.

14) L. Bréhier, o. c., p. 68.

15) Според H. Cohen, o. c., t. VIII.

16) Според релативно доцна забележаното предание (во Legenda aurea — порано Historia Sanctorum, Historia Lombardica — составена од Доминиканецот Џакопо Варацио околу 1260 год.), на бегање од рајот, Адам зел со себе едно гранче од животното дрво. Гранчето го насадил Адамовиот син Сит, и од него израснало тричлено стебло, угоре споено во едно. Од израснатото дрво Мојсеј изделкал стап со кој удрил по Црвеното Море и го исушил за поминување. Соломон подоцна си изделкал греди за својот дворец и, накрај, од животното дрво бил направен и Христовиот крст (концизниот приказ на преданието од Каталогъ собрания, o. c., 122). За животното дрво и дрвото на крстот: A. Mussafia, Sulla leggenda dell'albero della croce, Vienna 1869; F. Kampers, Mittelalterliche

преданието-гранчето да влијаело на стауrрафијата, особено во подоцниот среден век, кога се создадени разлистени крстови во најразновидни варијанти.[17])

Инаку разнообразноста на формите на крстови, која е во средиштето на ова изложување, била често автохтона, а понекогаш и резултат на метаморфози извршени во подолг временски период. Во секој случај, до признавањето на христијанството веќе се имаат формирано неколку разновидни облици: обичен рамнокрак крст, таканаречен анк египетски, со него сврзаниот тау, свастиката и со неа сврзаниот розетен крст, таканаречен малтешки крст, и други со видоизменувања и варијации.

Иако подоцна, во христијанската декорација, сите форми на крстови имаат еднакво или сосем блиско симболичко значење, во претхристијанската симболика крстовите имале нееднакво значење, понекогаш дури и со разновидни значења и кај исти народи.[18]) Но главно крстот бил симбол за поими и претстави повеќе сврзани со сончево, воздушно или небеско божество, со света вода и дожд, со света птица или свет пламен, и со бесмртност или среќа. Зошто токму крстот бил одбран да ги претставува разновидните поими, објаснува Грег со симболичната многустраност.[19])

*
* *

Во Коњух се застапени над десетина разни форми крстови, како пластична декорација на парапетните плочи и плочите од септумот, чиј материјал е мек, зелен, пропилитисан дацит.[20])

## КРСТ ВАРИЈАНТА 1

Еден облик од крстовите во Коњух кој има сигурни аналогии во многу периоди и е важен во развитокот на облиците — можеби како прв развоен степен во христијанската ставрографија — е крстот изобразен на фрагментот бр. 2183, и на уште 5 фрагменти[21]) со 7 крстови, овде означени како варијанта 1. Овој облик на крст е со врвлести проширувања на краиштата (сл. 1). Должината и широчината на крстот не може да се одреди поради незгодната фрагментираност, но би изнесувала горе-долу 43 см. Краковите се широки меѓу 35 и 40 мм., а прошурувањата на краиштата меѓу 75 и 80 мм. Околу некои

---

Sagen vom Paradiese und vim Holze des Kreuzes Christi in ihren vornehmsten Quellen, un in ihren hervorstehendsten Typen, Köln 1897, p. 89, 97, sq. p. 141; G. Lechler, The Tree of Life, Ars Islamica IV, 1937; N. Perrot, Les Représentations de l'Arbre sacré sur les monuments de Mesopotamie et d'Elam, Paris 1937.

[17]) Според Н. Мушмов, Монетитѣ и печатитѣ на българскитѣ царе, София 1924, стр 102, 103, сл. 72, 78. За еден од најстарите разлистени крстови би можел да се смета оној од црквата Св. Сергиј и Вакх од VI век, сега во Отоманскиот музеј во Цариград. Овој мотив малку оретчува од VII до IX век, но од XI век станува многу раширен. Вакви разлистени крстови има и многу далеку, дури во Кина на една стела од Си-Нган-Фу од 981 година, и во Индија на ридот Св. Тома близу до Мадрас (според D. T. Rice, The leaved cross, Edinburgh, p. 76); со истата содржина можат да бидат поврзани и крстовите од котвести гранчиња на монетите на Михаил Шишман (поц нот).

[18]) R. P. Greg, o. c., p. 293, 295, 297; L. Bréhier, o. c., p. 31, 32; извесна постара литература (L. Müller, Croix Gammée; H. Fulda, Das Kreuz und Kreuzigung; Hoppenot, Le crucifix dans l'histoire; G. Schönermark, Der Kruzifixus in d. bild. Kunst; C. Constantini, Il crocifisso nell arte; L. Bréhier, Les origines du crucifix dans l'art religieux) не ми беше достапна.

[19]) R. P. Greg, o. c., p. 295. Крстот со својата проста форма, наспроти исто така простиот круг, можеше да изрази различни идеи.

[20]) Каменот употребен за декорација е вулканска стена пропилитисан дацит (С. Радојчиќ, o. c., смета дека е зелен камен, стр. 161, 162). Првобитниот дацит, во кој има слаби траги од фелдспат, пропилитисал во нови хемиски услови, менувајќи ја бојата и цврстината. Во околината на Куманово има и дацити и пропилитисани дацити. Иако е мек, каменот тешко се обработува поради ронливоста.

[21]) Не се исклучува можноста, некои фрагменти кај оваа и кај другите варијанти да претставуваат делови на една иста плоча. Незгодното искршување на фрагментите не дозволува тоа да се провери.

крстови е поставен кружен рам со различна широчина, најмногу до 30 мм. Височината на релјефот е насекаде 5 мм. На два фрагмента е изведен крст од обете страни на плочата.

Овој облик на крст може со доста веројатност да се следи уште од многу рано во претхристијанските епохи. За еден меѓу најстарите вакви крстови би можел да се смета оној што е претставен на една архајска ваза во British Museum, проблематично датирана во 650 година п. н. е.,[22]) чии врвлести проширувања на краиштата се многу блиски со варијанта 1.

За формирањето на овој облик на крст во христијанската ставрографија секако е од важност и обликот на буквите од латинската абецеда, употребувани на натписни плочи и монети, од времето на Августа до Константина и малу подоцна. Во тој период сите завршетоци на хастите добиваат пречка, која постепено, со текот на времето, се преобразува во врвлесто проширување. Ова е особено видливо кај извесни букви X чии хасти се сечат под прав агол.[23])



Сл. 1 — Крст варијанта 1

Карактеристичните врвлести, проширувања на краиштата од хастите ги има и во Константиновиот кризмон, во почетната буква од зборот χρ(ιστός) и во базиликата Свети Гроб[24]).

Другите два примера за ваков облик на крст се од V в. Во Британскиот музеј се наоѓа едно ковчеже од филдиш, од раниот V в.,[25]) на кое долниот крак од крстот на сцената распнување е многу близок со варијанта 1. Пак од V в. (а можеби од крајот на IV в.) е крстот идентичен со варијанта 1, изобразен на реверсот од малата бронзена монета од Теодосиј II (или Теодосиј I), овде опкружен со венче како crux coronata.

22) Според R. P. Greg, o. c., pl. XX, f. 15.

23) Според R. Cagnat, Cours d'épigraphie latine, Paris 1914, p. 4, pl. XX, XXII; H. Cohen, o. c., t. IV, p. 336/123, t. VI, p. 429/142, 533/395, t. VII, p. 329/11.

24) Според J. Reil, o. c., p. 40; K. Woermann, Geschichte der Kunst, III, pl. 16; L. Bréhier, o. c., p. 68 вели дека таквиот крст од Ерусалим е поставен на задниот план во апсидалниот мозаик во Санта Пуденциана во Рим.

25) Според F. Gerke, Christus in der Spätantiken Plastik, Leipzig 1940, p. 73, f. 94; W. F. Volbach во Elfenbeinarbeiten der Spätantike und des frühen Mittelalters, Mainz 1952, p. 60, поточно го определува ковчежето меѓу 420 и 430 година.

Во Македонија се зачувани на четири места цели делови и фрагменти декорирани со крстови идентични со варијанта 1, од последните децении на V в. до големиот земјотрес и времето на Јустин I. Такви се крстовите од суводолската базилика која е од крајот на V и самиот почеток на VI в.,[26]) и крстот на еден импост-капител од гробишната базилика во Скупи, датирана пред 518 година.[27]) Такви се, потоа, и крстовите на речиси сите плочи од септумот на Епископската базилика во Стоби, датирана непосредно пред Јустинијана, околу 500 година[28]), и крстот на еден импост-капител од истата базилика.[29]) Ако пак и базиликата во Паликура временски ја поставиме со стобската (а основа за тоа постои), тогаш може да се споменат и тамошните крстови од оградните плочи и од колоните.[30]) Еден крст од варијанта 1 е претставен и во базиликата за крштевање во Стоби, на една тенка камена плоча крај малиот базен во ексонартексот.[31])

И јустинијанската епоха и натамошните постјустинијански периоди имаат декорации со крстови од варијанта 1. Меѓу првите би требало да бидат споменати равенските саркофази, сместени во Museo Nazionale и Sant' Apollinare in Classe, датирани во V и првата половина на VI в.,[32]) или дури и VII в.[33]) По нив би следел крстот на еден фрагмент од базиликата, од почетокот на VIII в., во Амастрис на црноморскиот брег на Мала Азија.[34]) Временски по овие би оделе крстовите што се издлабени во столбовите (од почетокот на IX в.) поставени пред дворците во Плиска како триумфална колонада.[35]) Крстови идентични со варијанта 1 се јавуваат и подоцна, на пример на еден импост-капител од Цариград, од периодот на македонската династија /867-1057/[36]) и на импост-капителот од Св. Пантелејмон во Нерези.[37]) На подвижниот олтар на Ајлбертус од Келн, во Велфеншац (1127 год.), има два крста многу блиски со варијанта 1.[38]) Од крстовите што се изведени на епитрахилот на Св. Спиридон, во фреските од Сопоќани, некои кракови имаат идентични, а некои блиски проширувања на краиштата како кај варијанта 1.[39]) На реверсот на една бакрена монета од Константин Асен (XIII в.) е изобразен Христос, на престол на чиј наслон има крст идентичен со варијанта 1.[40])

Крстот со врвлести проширени краишта е веќе споменат како симбол поставен на облека, но—посредно на фрески. Овој облик на крст не останал само на релјефи и ткаенини на фрески, туку се појавил и директно на ткаенини. Изгледа дека од ткаенините и облеките како најран би можело да се смета еден епитафиос, украсен со крвчиња во кружни медаљони, подарен во XIII в. од Андроник II Палеолог на црквата Св. Климент во Охрид.[41]) Малу подоцен е

---

26) Ф. Месеснел, Старохришћанска базилика у Суводолу код Битоља, Годишњак Музеја Јужне Србије, Скопље 1940—1941, стр. 92/24, сл. 17, 26, 31, 33.

27) Р. М. Грујић, Скопска митрополија, Споменица српско-православног саборног храма Свете Богородице у Скопљу, Скопље 1935, сл. 7.

28) Р. Егер, Градска црква у Стобима, Гласник СНД V, Скопље, 1928, стр. 42.

29) Ibidem, стр. 20, сл. 16.

30) Според Dr. Hald, Auf dem Trümmern Stobis, Stuttgart 1917, p. 34, f. 20.

31) За оваа плоча не постојат податоци за да се тврди дека е предјустинијанска.

32) Според Ch. Diehl, Manuel d'art byzantin, Paris 1925, p. 306—307.

33) Според Arte Italiana, C. Sognorelli ed., Milano 1929, vol. I, pl. 5, f. 5.

34) Според S. Eyce, Amasra „Büyükada" sinda bir bizans kilisesi, Ankara 1951, p. 490, f. 16, Belleten, Cilt XV, Sayi 60 (Ekim 1951) den ayri basim.

35) Според K. Škorpil, Надписи отъ първото българско царство въ черноморската область на Балканския полуостровъ, Byzantinoslavica, Prague, t. II, p. 6, pl. 1.

36) Според K. Woermann, o. c., f. 65.

37) Според С. Радојчић, Старине црквеног музеја у Скопљу, Скопље 1941, стр. 82.

38) Според A. Springer, Handbuch der Kunstgéschichte, Frühchristliche Kunst und Mittelalter, Leipzig 1924, p. 288, f. 373.

39) Според N. L. Okunev, Составъ росписи храма въ Сопочанахъ, Byzantinoslavica, Prague 1929, t. I, p. 144, f. 15.

40) Н. Мушмов, о. с., стр. 82.

41) Според Ch. Diehl, o. c., p. 891, f. 442. До 1909 година овој епитафиос бил во Св. Климент во Охрид, каде што го фотографирал Кондаков.

епитафиосот од Солун (XIV в.), каде што големите крстови од бордирата се поставени во кружни медалјони.[42]) Од истото столетие (1346 год.) е плаштаницата, во Хилендарскиот манастир, на скопскиот архиепископ Јован, која во најдолното поле има крстови од варијанта 1.[43]) На таканаречената далматика на Карло Велики, што се чува во сакристијата на Свети Петар во Рим, а е од XIV-XV в., има крстови од варијанта 1 поставени во кругови и медалјони од вегетација.[44])

Прегледот на сите овие крстови дава донекаде право да се заклучи временската и територијална типичност на крстовите од варијанта 1. Овој облик е, речиси, еднакво употребуван во теодосијанската и јустинијанската епоха[45]), како и во постјустинијанските периоди. За теодосијанскиот период и малу порано, типичноста на овој облик на крст е особено истакната со множеството емитирани ковани пари. Овие пари, бидејќи биле секогаш во циркулација ширум Империјата, давале можност крстот од нив да се зема и за тип во декоративната пластика. По материјал, овој облик на крст е типичен за камени релјефи и монети, а во доцна Византија и за посветени ткаенини. По територија, оваа варијанта е сврзана за Балканот, Италија и Цариград. При ова не треба да се занемари утврдениот факт, дека големиот број крстови од оваа варијанта во Суводол, Скупи, Стоби и Паликура даваат доволно основа да се заклучи дека крстот со проширени врвлести краишта е чест во Македонија во V в.

## КРСТ ВАРИЈАНТА 2

Крстот варијанта 2 — наспроти варијанта 1 — е сосем малку застапен во Коњух, подобро речено, само еднаш на еден мал фрагмент бр. 2185. И овој облик на крст е со врвлести проширени краишта, но во средината на кракот има канелура која ги следи надворешните контури на крстот (сл. 2). Поради малите размери на фрагментот, не може да се одреди големината на овој крст. Кракот е широк 35 мм., а проширувањето на крајот 75 мм. Канелурата во кракот е широка 20 мм., а во проширувањето на крајот 35 мм. Релјефот е висок 5 мм. Овој облик на крст изгледа дека произлегува од варијанта 1, бидејќи е негова пообработена развојна форма.

За најстар крст, најблизок на овој облик, би можел да се смета оној со идентични контури и канелури на горниот и долниот крак, од импост-капителот во базиликата Свети Димитрија во Солун, од V в.[46]) Од крајот на V в., околу 500 година,[47]) се крстовите на импост-капителот од емпората на Епископската базилика во Стоби[48]) и на две бази што се блиски со варијанта 2, но и со извесна разлика: канелурата на крајот се двои на две, оставајќи насреде мало триаголно поле. Од почетокот на V в. крстот со идентични контури и канелури кај горниот и долниот крак е како кај варијанта 2, од конзуларскиот диптихон од филдиш, кој се чува во трезорот на катедралата во Монза.[49])

---

42) Ibidem, p. 893, f. 444.

43) Според Л. Мирковић, Две српске плаштанице из XIV столећа у Хиландару, Гласник СНД, Скопље 1932, стр. 114.

44) Според O. M. Dalton, Byzantin art and archaeology, Oxford 1911, p. 79, f. 45.

45) Временското разделување е поставено според династичката поделба кај L. Bréhier, Vie et mort de Byzance, Paris 1948, p. 561.

46) Според Ch. Diehl, o. c., p. 191, f. 87.

47) Р. Егер, о. с., стр. 42.

48) Според Р. Егер, р. с., стр. 23, сл. 26.

49) Според W. F. Volbach, o. c., p. 35, pl. 11, f. 43.

Би требало веднаш да се спомене дека канелирани крстови во чиста форма на варијанта 2 се среќаваат доста ретко.[50]) Во замена на ова, чести се примерите на канелирани крстови кои се по форма поблизу со варијанта 4 (една од формите што следат во натамошното изложување). Такви се случаите со крстовите на еден забат од IV-V и на еден коптски капител од V в. во Каирскиот музеј.[51]) Такви се случаите и со надвратниците од Беио и Дана, од раната сириска декорација,[52]) и со една надгробна стела во Каирскиот музеј.[53])

Најдобар репрезентант на крстовите со канелури од јустинијанскиот период е оној на импост-капителот од канцелот на Сан Витале во Равена.[54])



Сл. 2 — Крст варијанта 2

Во подоцнешните периоди канелираните крстови повеќе ја застапуваат формата што е блиска со варијанта 4. Таков е крстот на еден капак за книга од филдиш, во Оксфорд, од 800 година[55]) или крстовите од релјефите на филдиш од IX-X в. од Антверпен.[56]) Истоветни со претходните два примера се и крстовите на јужната фасада на црквата во Манглиси, Грузија, од XI в.[57])

По разгледувањето би можело да се заклучи дека крстови од варијанта 2 се среќаваат во почиста форма во теодосијанскиот и јустинијанскиот период на Балканот. Овој облик се употребува особено на камени споменици и на филдиш. Оваа варијанта е особено поврзана со териториите на Балканот, Североисточна Африка,[58]) Сирија и Грузија.

---

[50]) Во депото на Музејот за применета уметност во Белград има еден мал излеан крст со канелура. Провениенцијата не му е позната и неговото датирање не е сигурно. По контурите. овој крст отстапува од варијанта 2, дури и од варијанта 4, но поради присуството на канелура, тој припаѓа кон варијанта 2. За можноста да го споменам овој крст, како и други три крстови понатаму, ѝ благодарам на другарката Б. Радојковиќ.

[51]) Според O. M. Dalton, o. c., p. 52, 53, f. 29, 18.

[52]) Според Sh. Diehl, o. c., p. 43, 44.

[53]) Според C. M. Kaufmann, Handbuch der Christlichen Archäeologie, Paderborn 1913, p. 483, f. 183.

[54]) Според A. Dehli, Byzantinische Ornament in Italien, Leipzig.

[55]) Според W. F. Volbach, o. c., p. 95, pl. 61, f. 221.

[56]) Ibidem, p. 100, pl. 64, f. 234/1, 2.

[57]) Според Н. П. Северов, Памятники грузинского зодчества, Москва 1947, стр. 45.

[58]) Поточно во коптската уметност. Според фотографиите на R. Delbrueck, Zwei christliche Elfenbeine des 5 Jahrhundert, Spätantike und Byzanz 1952, p. 175, според Crum, Coptic Monuments.

## КРСТ ВАРИЈАНТА 3

Иако е најчесто застапена форма во коњушката декорација, крстот варијанта 3 нема ни чести ни многубројни аналогии. Во Куршумли-ан има 7 фрагменти[59]) со делови од десет крстови (на некој фрагмент од две страни), по облик идентични со крстот на фрагментот бр. 2186.[60]) Овој облик на крст, судејќи по најголемиот фрагмент, не е рамнокрак, туку со малку издолжен долен дел и со заокружени проширувања на краиштата (сл. 3). Претполаганата должина на крстот е 38 см., а широчината 36 см. Краковите имаат различна широчина меѓу 35 и 45 мм., а проширените краишта меѓу 100 и 120 мм. Неколкупати ваквите крстови се поставени во кружни рамки широки 30 до 35 мм. со дијаметар околу 43 см. Релјефот е висок 5 мм. Декорирањето со вакви крстови е изведено понекогаш од обете страни на плочите. Овој облик на крст — како и варијанта 2 — е изгледа еволутивна форма од варијанта 1, бидејќи е усовршување постигнато со додавање детали на краиштата.[61])



Сл. 3 — Крст варијанта 3

Непостоењето на ваков облик на крст во претхристијанските епохи е доволно крстот варијанта 3 да се смета за креација на христијанската ставрографија. Па и во христијанската ставрографија ваков крст се појавува релативно доцна, и тоа во сосем чиста форма, изгледа дури во релјефите од Коњух.

Како крст речиси идентичен на овој облик, може да се смета оној на реверсот на златната монета од императорот Олибриус од средината на V в.[62]) Во вековите што следат изгледа дека крстови од овој облик поретко се јавуваат.[63]) Дури во X в., на оградната плоча од олтарот во митрополитската

[59]) Според нота 21.

[60]) Два фрагмента со вакви крстови се објавени кај С. Радојчић, о. с., I, сл. 31 и 39, како „одломци плоча“ и „рељефне плоче“.

[61]) Заокружените врвови на краиштата доаѓаат поради поставување на крупни бисери, според G. Millet, Les iconoclastes et la croix, Bulletin de Correspondance Hellénique, Paris 1910, XXXIV, p. 107.

[62]) Според H. Cohen, o. c., t. VIII, p. 235.

[63]) Во периодот на иконоклазмата има крстови по контури блиски до варијанта 4, а со заокружени врвови како кај варијанта 3, според G. Millet, o. c., p. 104. Во депото на Музејот за применета уметност во Белград има еден мал метален крст, кој е по контури многу близок со варијанта 3, само што му се заокружувањата малку издолжени и овални. Не се знае од каде е донесен и кон кое време би припаѓал.

црква во Мистра[64]) се јавува ваков крст. И пак по четири века[65]) во Далмација на процесијалниот крст од XIV в., кој се чува во трезорот на Св. Фрањо во Задар, изобразен е крст во медаљон по облик идентичен со варијанта 3.[66])

Според малкуте податоци, за овој крст може да се заклучи дека обликот од варијанта 3 се изобразува на метал од V в., во ротондата од Коњух во VI в., а од VIII в. натаму го има со мали метаморфози.

## КРСТ ВАРИЈАНТА 4

Како и кај варијанта 1, а за разлика од варијантите 2 и 3, обликот на варијанта 4 има доста по број и доста стари аналогии. Овој облик на крст во Коњух е претставен само еднаш, во аголот на една плоча со дел од кружна рамка, која изгледа опкружувала друг, поголем крст. Заради стеснетиот простор, овој крст има сосем мали димензии во споредба со другите крстови. Крстот е рамнокрак со проширени краишта, но за разлика од варијанта 1, проширувањето постепено започнува од пресекот на краковите, и секој крак има облик на издолжен трапез. Должината и широчината на крстот е 75 мм., а проширениот крај 40 мм. Во површината на крстот има плитка инцизија, која оди покрај самиот раб, следејќи ги контурите на крстот. Околу крстот има мала кружна рамка широка 10 мм., со дијаметар од 90 мм. Релјефот е издигнат 3 до 4 мм. (сл. 4). Крстот варијанта 4 секако не се развил од варијанта 1, иако е креативната идеја блиска. Сепак, може да се каже дека е помлад, бидејќи е посложен.

До втората половина на IV в. од н. е. ваков облик на крст не може да се сретне, но затоа пак во втората половина на IV и целиот V в. изобилуваат крстови чии контури се блиски со варијанта 4. Илјадниците монети ковани од Флавиј Грацијан од 379 година, сé до Ромул Аугустул во 476 година, имаат на реверсите крстови што се или идентични или многу блиски по контурите со варијанта 4, макаршто им е долниот крај секогаш подолг.[67]) Во истиот период ваков крст е изобразен и на други материјали. На еден сардоникс од Königl. Kabinet der Münzen во Минхен е врезан крст по контури идентичен со варијанта 4.[68]) Крстот претставен на еден капител од IV-V в. од урнатините на Менас има идентични контури со варијанта 4,[69]) каков што е случајат и со споменатите крстови од Беио и Дана. Од V в. е еден конзуларски диптихон, од филдиш во Париз, каде што е изобразен крст по контури многу близок со варијанта 4.[70]) Во Ахмим-Панополис е најден еден златен крст од V в. чии контури се многу блиски со варијанта 4.[71])

---

64) Според O. M. Dalton, o. c., p. 62. Крстовите изобразени по фасадите на ерменските цркви од XI век (и на црквата во Мрен од времето на Хераклиј) се сосем слични на крстовите од периодот на иконоклазмата, односно имаат контури како варијанта 4 и заокружени краишта (J. Strzygowski, L'ancien art chrétien de Syrie, Paris 1936, pl. III).

65) Крстот изобразен на една надгробна плоча во капелата Св. Мартин во Загреб, од XIII век, иако е доста близок со варијанта 3, не е идентичен, бидејќи му се заокружувањата многу големи и овални.

66) Според Zlato i srebro Zadra, Jugoslovenska Akademija.

67) Според H. Cohen, o. c., t. VIII, p. 129/25, 165/6, 194/1, 197/14, 215/41, 218/1, 219/1, 220/1, 222/5, 223/1, 230/2, 235/5, 237/3, 239/6, 242/3.

68) Според H. Leclercq, Manuel d'archéologie chrétienne, Paris 1907, p. 369, f. 270. Инаку, Lecl. го става овој крст многу рано,дури во III век (а то; би можел да биде и од IV, па можеби и V век).

69) Според C. M. Kaufmann, o. c., p. 483, f. 183.

70). Според W. F. Volbach, o. c., p. 34, pl. 8, f. 41.

71) Според R. Forrer, Die frühchristlichen Alterthümer Achmim-Panopolis, Strassburg i (E 1893, pl. 13) XIV, p. 7.

Крстот на рунскиот камен во Gotland Museum во Визби има идентични контури со варијанта 4, но тој може да биде датиран и во IV—V век, а и доста подоцна (A. Russwurm, Kultur und Sittengeschichte, t. II, p. 38).

Секако има уште многу места и материјали со декорација од ваков облик на крст, во времето од IV и V в. Како потврда за вакво мислење доаѓа калапот од Скупи, за лиење метални крвчиња што се по контури блиски со варијанта 4.[72])

Инаку, ваквиот облик на крст нема само аналогии по контури, туку и сосем блиски примери со инцизијата. Такви се примерите со плочата од реликвијарот од филдиш, најдена кај Пула, од првата половина на V в.,[73]) со плочата од филдиш од диптихонот од 506 година од трезорот на катедралата во Лука[74]) и царскиот диптихон од IV-VI в.[75]) од Лувр.[76])





Сл. 4 — Крст варијанта 4

Крстот што е издлабен на архитравот на Porta Ferrea на Диоклецијановата палата — датиран во V-VI в.,[77]) — е идентичен со варијанта 4 и по контури и по инцизии. На еден импост-капител во јужниот кораб на Епископската базилика во Стоби е издлабен крст вонредно сличен со варијанта 4, но со попроширени кракови и инцизија што не завршува на надворешната страна. На друг еден импост-капител, пак од Епископската базилика во Стоби, има крст што е по контури близок со варијанта 1 а по инцизии со варијанта 4. На еден ѕид од

[72]) Плочката е најдена пролетта 1954 година на теренот на Скупи, неполни 100 метри северно од театарот, при копањето темели за астрономска опсерваторија на ридот. Таа претставува дел од цела мермерна плочка, какви што, две заедно, правеле калап за лиење. Плочката е долга 53 мм., широка 55 мм. а дебела 12 мм. На мазната мермерна површина е издлабен крст 1 до 1,5 мм. длабоко, со должина и широчина од 18 мм. Краковите на пресекот се широки 4, а на краиштата 7 мм. Внатрешната површина на крстот е ребресто инцизирана а во аглите на краковите и на пресекот има по едно дупче, кое кај излиениот крст било гранула, и поради кое овој крст има блискости и со варијанта 3. Над самиот крст погоре се гледа вдлабнатинка, во која се изливала алката за врзување и обесување на крвчето. Надесно од крстот, горе и долу, се назираат местата за лиење на друго крвче и некаков кружен украс. Под самиот крст се траги од издлабениот цртеж на некој крст со многу широки краишта. Над крстот е инката низ која се турал течниот метал, а одлево горе — длабоко дупче во кое стоел клинот за пасување — пандан со друг на скршениот дел, кој не е најден. На грбот на плочката, освен тоа, има длабоки траги од врзувањето и стегањето на калапот. Во депото на Музејот за применета уметност во Белград има еден мал бронзен крст, чија форма е блиска на крст што би се добил од калапот од Скупи. Разлики има во следново: крстот од Белград е подолг за 14, а поширок за 10 мм, нерамнокрак е и без ребрести инцизии ни гранули.

[73]) Според W. F. Volbach, o. c., p. 62, pl. 38, f. 120.

[74]) Ibidem, p. 26, pl. 4, f. 14.

[75]) Мислењата на Graeven, Strzygowski и Aïnaloff во прилог на датирањето во IV век на Delbrueck, Hinks и Bréhier за V и почетокот на VI век, и на Schlumberger, Stuhlfaut Jerphanion и Wulf за VI век и неодреденото на Weigand, земени се во обсир според W. F. Volbach, o. c., p. 36, i Ch. Diehl, o. c., p. 292.

[76]) Според W. F. Volbach, o. c., p. 36, pl. 12, f. 48.

[77]) Според Lj. Karaman, O počecima srednjevekovnog Splita do godine 800, Hofillerov zbornik, Zagreb 1940, str. 421.

Партениосовата палата во Стоби и денес стои еден мал импост-капител со крст идентичен со варијанта 4, макаршто во пресекот на краковите има и круг.

Јустинијанската епоха обилува со голем број споменици на кои има крстови идентични со варијанта 4. Тоа се предимно плочи од филдиш, како диптихонот во Националниот музеј во Равена — од Мурано, потоа плочата со сцена Благовештение, во збирката Уваров во Москва — од Казан, и плочата со Христос на престол, во приватната збирка во Париз — од Кавказ, сите од VI в.[78])

Но има и голем број метални и гемирани крстови чии контури се блиски со варијанта 4. Еден од таквите е гемираниот крст на Јустин II, во трезорот на Свети Петар во Рим.[79]) Традицијата на метални крстови со вакви облици продолжила и наредните векови, особено кај Ломбардите и Визиготите. Од нив заслужува да се споменат гемираниот крст на ломбардската кралица Теоделинда[80]) и крстовите од вотивните круни на визиготските кралеви Ресевинт и Свентила.[81])

Во периодите на европската предроманика и романика овој облик на крст е прилично чест. Овде спаѓа крстот од San Giorgio во Valpolicela кај Верона, на еден цибориум од VIII в.,[82]) крстовите во тимпанонот и над него, на преградата на Свети Мартин во Сплит, од VIII-IX в.[83]) и крстовите од еден старохрватски саркофаг од VIII-IX в. во Донатовиот музеј[84]) Од крајот на IX и почетокот на X в. стои на ѕидот на кружната црква во Преслав, меѓу глаголскиот натпис и другите крстови, и еден крст чиј контури се многу блиски со варијанта 4.[85]) Од X и XI в. се крстовите на старохрватскиот релјеф со Христос (или крал Томислав),[86]) потоа на Минхенскиот евангелиер со Отон III[87]) и на жртвеникот од столната црква на Раб.[88])

Во заклучок за варијанта 4 може да се каже следново. Честата употреба на крстот варијанта 4 е особено силно изразена во теодосијанскиот период со циркулирањето на монетите. Ова можеби предизвикало лиење на слични крвчиња и практика во декорацијата. Се разбира, и во јустинијанската епоха, и во периодот VIII-IX в., има многу чести изобразувања на вакви крстови. Овој облик на крст е пред сé типичен за метал, а потоа за камен и филдиш. Крстовите со ваков облик се сврзани предимно за територииите околу Источен Медитеран, а потоа и за Италија. Јавувањето на овој облик е распространето и надвор од овие територии.[89])

78) Според W. F. Volbach, o. c., p. 64, 65, pl. 39, f. 125, pl. 41, f. 130, 133.

79) Според O. M. Dalton, o. c., p. 210, f. 125.

80) Според Arte Italiana, t. I, pl. 47, f. 8.

81) Според A. F. Calvert, Sculpture in Spain, New York 1912, p. 17, f. 1.

82) Според K. Woermann, o. c., p. 108.

83) Според J. Strzygowski, O razvitku starohrvatske umjetnosti, Zagreb 1927, str. 20.

84) Ibidem, p. 163.

85) Според K. Mijatev, Эпиграфическіе матеріальі изъ Преслава, Byzantinoslavica, t. III, Prague 1931, p. 383, 384, 385.

86) Според F. Bulić, Hrvatski spomenici u Kninskoj okolici, JA znan. i umjetn., Zagreb 1888, p. 38, tab. 15, sl. 42.

87) Според A. Springer, o. c., p. 138.

88) Според J. Strzygowski, o. c., p. 125.

89) Јавувањето на вакви крстови јужно од 27° и северно од 57° северна географска ширина, односно 3.500 километри растојание, колку што изнесува напоредничката оддалеченост меѓу Ахмин-Панополис и Визби, наведува на помисла дека од досега набро- ените облици на крстови варијанта 4 е најраспространета.

## КРСТ ВАРИЈАНТА 5

Овој облик на крст има вонредно стари аналогии, иако не многу чести. Во коњушката декорација е застапен на два фрагмента бр. 2187 и 2188[90]) (сл. 5), кои се истоветни по концепција, само краковите им се свиткани во спротивни правци. Тоа е крст чиј четири кракови се составени од по три ленти, кои од пресекот кон периферијата лепезесто се шират и истовремено се свиткуваат на едниот фрагмент надесно а на другиот налево. Крстот е долг 26 см., лентите поединечно се широки 15 до 18 мм., а проширувањето на сите три ленти на крајот — 60 до 65 мм. Крстот го затвораат две кружни рамки со внатрешен дијаметар од 26 см. и поединечна ширoчина на лентите од 15 мм. Височината на релјефот е 5 до 7 мм. Блискоста на овој тип крст со дванаесетлисната розета[91]) е во бројот на лентите и во идејата.



Сл. 5 — Крст варијанта 5

Анализата на развојниот пат кај овој крст изгледа дека би довела до свастиката (crux gammata, τετραΥαμμαΐα), како прапочеток. Бреје зборува[92]) за многу старите појави на свастиката, а тоа го прави и Грег.[93]) Блиски облици се јавуваат и во римската пластика.[94])

Но ваквите розетни крстови не се ни идентични ни слични со варијанта 5, тие се само блиски по замисла. Дури значително подоцна, на црквата Санта Марија во Космедин, започната за време на Адријан I во VIII и доправувана се до XII в., се наоѓаат на оградата на канцелите розетни крстови идентични со варијанта 5. Таму се издлабени ластари свиткани во незатворени медалјони во кои се ставени розетни трилентни крстови.[95]) И во музејот Campo Santo Teu-

90) Двата фрагмента се објавени кај С. Радојчић, о. с., I, на сл. 31 и 39 како „одломци плоча" и „рељефне плоче".

91) Според С. Радојчић, о. с., I, сл. 41, бр. 2146.

92) L. Bréhier, o. c., p. 31, за старите претстави на свастиката на Хисарлик, на кипарските споменици и малу подоцна, дури во Кина.

93) R. P. Greg, o. c., кај Ведите и Пелазгите (p. 297), на теракотите од Троја (pl. XIX, f. 12, 13), на златното копче од Микена (pl. XX, f. 24, p. 219), на ликиските монети (pl. XX, f. 6a, 6, 3), стариот асириски симбол на сончев диск (pl. XX, f. 5).

94) На арата со римски натпис од Дрсник (според Н. Вулић, Антички споменици наше земље, Споменик XCVIII, Београд 1941—1948, стр. 121, бр. 265), потоа на саркофазите од Исаурија, Писидија и Ликаонија (според L. Bréhier, o. c., p. 33) и на надгробната плоча од варовник од Злокуќани (Според Н. Вулиќ, o. c., p. 220, бр. 436).

95) Според P. Sinthern, Roma Sacra, Vienna 1925, pl. II, f. 10.

tonico[96]) има истоветна декорација со онаа од Космедин, а слична розетна декорација, само со 5 кракови по три ленти, има во San Clemente.[97]) И Булиќ приведува пример на розетен крст кој е идентичен со варијанта 5.[98])

Кај овој облик на крст, неговиот упростен прототип е поврзан со преткласичните цивилизации, а чистата форма со VI и VIII-VII в.[99]) Изобразбата му е предимно поврзана со камен и теракота. Територијално ги зафаќа областите на Источен Медитеран и Италија, но во одделни појави се распростира како и варијанта 4.[100])

Понатамошните две форми на крстови, за кои ќе стане збор, се форми поинтересни заради гемирањето. Гемираните крстови секако се јавуваат најнапред во христијанскиот период. Можеби би можело за еден од првите гемирани крстови да се смета оној што бил поставен во црквата Св. Гроб во Ерусалим.[101]) Гемирани крстови има во V в.,[102]) а во јустинијанскиот период се јавуваат уште почесто,[103]) макар и надвор од територијата на Јустинијанова Византија. Ова украсување на крстови со дупчени камења, геми и бисери трае и се цени на Запад особено кон XI в.[104])

## КРСТ ВАРИЈАНТА 6





Сл. 6 — Крст варијанта 6

Овој облик на крст е претставен само на фрагментот бр. 2189. По концепција е близок на крстот бр. 2167,[105]) со следниве разлики: крстот бр. 2189 е впишан во квадрат а бр. 2167 во круг, и затоа е надворешната линија, на краиштата на краковите кај варијанта 6, права линија а кај бр. 2167 — лак. Освен тоа, кај вари-

96) Ibidem, pl. 5, f. 22.
97) Ibidem, pl. 5, f. 21.
98) F. Bulić, o. c., стр. 44, таб. XVII, сл. 56.
99) Заклучок поставен според увидот во достапната литература за ова прашање.
100) Ваков облик на крст има и во Италија и во Кина, односно од 12 до преку 100° источна географска должина, што изнесува над 6.000 километри меридијанска оддалеченост.
101) Според L. Bréhier, o. c., p. 68.
102) Според W. F. Volbach, o. c., pl. 37.
103) Според Ch. Diehl, o. c., f. 90.
104) Според A. Springer, o. c.
105) Според С. Радојчиќ, о. с. I, сл. 41, бр. 2167.

јанга 6 и краиштата на краковите се пошироки а и распоредот на гемите е поинаков (сл. 6). Должината и широчината на крстот е 36 см., широчината на кракот кај пресекот е 40 мм., а проширувањето на крајот 20 см. Лентата што оди по контурата на крстот околу гемите е широка 15 мм., а гемите 23 мм. Околу крстот има кружна рамка широка 25 мм., со внатрешен дијаметар од 39 см. Релјефот е висок 5 мм. Не би можело да се очекува да бидат најдени аналогии за овој облик на крст, затоа што со деталите бездруго би се разликувал од некоја блиска форма. Сепак може да бидат земени под внимание сличностите по контури со крстот од Стоби (сл. 61), а можеби и со крстовите што отстапуваат од варијанта 4.

## КРСТ ВАРИЈАНТА 7

И овој облик на крст — како и варијантите 4 и 6 — е изведен само на фрагментот бр. 2149 (сл. 7). По концепција тој е близок на крстовите бр. 2144 и 2126,[106]) со разлика во распоредот на гемите и трилентниот триаголник на



Сл. 7 — Крст варијанта 7

едниот крај.[107]) Поради незгодното искршување, должината и широчината не може да му се одредат. Широчината на кракот е 40 мм., а проширувањето на крајот 93 мм. Рабовите на крстот и лентите од триаголникот се широки 15 мм., а исто толку и гемите; релјефот е висок 5 мм.

Изгледа дека и за овој облик на крст нема анал гии, ако не се сметаат оние што имаат само извесни блискости, а такви би имало само две. Можеби крстот од Вишеславовиот крстилник, од столната црква во Раб, околу 800 го-

[106]) Крстовите бр. 2144 и 2126 се објавени кај С. Радојчиќ, о. с. I, сл. 41. Фотографијата на фрагментот 2149 е објавена кај С. Радојчиќ, о. с. I, сл. 40 како „рељефне плоче".

[107]) Фрагментот е незгодно искршен и доста истриен, така што не може со полна сигурност да се утврди дали трилентниот триаголник може да се реконструира во двојна квадратна рамка. На можноста рамката да се реконструира во ваков облик ми укажа проф. Д. Коцо, за кое овде му благодарам.

дина, во Museo Correr во Венеција, кој е само по контури близок со варијанта 7, а наместо геми има плетерна декорација,[108]) и можеби сребрената плоча од Лувр од XI в., на која е тореутиран крст по контури близок со варијанта 7, а внатре има тореутирани бисери, геми и дијаманти.[109])

*

* *

Општиот заклучок за сите варијанти крстови би бил дека во пластичната декорација од ротондата во Коњух има крстови типични за теодосијанскиот, јустинијанскиот и подоцнешните периоди, освен можеби варијанта 5.

Но, освен овој заклучок, фрагментите со крстови овозможуваат да се постават и два други заклучоци, кои стојат надвор од прашањето за типичноста на крстовите.

Имено, прави впечаток фактот што голем број крстови од Коњух се поставени во кружни рамки. И можеби би било потребно да се одговори на прашањето што претставуваат овие рамки и дали се тоа рамки случајно поставени овде-онде за декорација. Како објаснение, би можело да задоволи само една претпоставка. Круговите околу крстовите не се само рамки што го затвораат симболичкиот крст. Тие се во Коњух употребени како знаци чие што симболичко значење не е сосем јасно, но истовремено како знаци што од дамнини имале извесно значење. Треба да се додаде дека и поголемиот број релјефни Христови монограми во Епископската базилика во Стоби имаат изразити големи кругови наоколу, високи и декорирани.[110]) Секако дека овие кругови во Стоби се продолжение на оној едноставен круг, антагонист на крстот, споменат во нота 19. Врз основа на ова би можело да се заклучи дека во христијанската симболика во Коњух, Стоби и другаде каде има, суштествува и еден нехристијански симбол, кој влегол во христијанската декорација и во симболиката.[111])

Вториот заклучок се однесува до следново прашање. За разлика од досега познатите базилики и ротонди од V-VI в., во чија декорација има најчесто еден или два, ретко повеќе облици на крстови, оваа црква има 12 варијанти крстови,[112]) од кои се само две-три блиски, а другите се сосем различни. Одговор што наполно би го задоволил прашањето зошто има толку голем број крстови не може да се најде, освен ако може да се прифати претпоставката дека е ова резултат на желбата на изведувачот и знаењето.

---

108) Според J. Strzygowski, o. c., p. 49.

109) Според O. M. Dalton, o. c., p. 559.

110) Фоторгафирал порано Р. Егер, о. с., сл. 31.

111) Ć. Truhelka, Starokršćanska arheologija, Zagreb 1931, стр. 24, смета дека anch-crux ansata бил хиероглиф со значење на живот, и дека во коптската уметност поминал како идеограм за Христос кој води во вечен живот. Инаку, натаму смета дека стариот симбол на сончевиот диск, во вид на круг, постепено се христијанизирал како атрибут за светост во христијанската иконографија.

112) Пет варијанти се објавени од С. Радојчиќ, о. с., I.

## RESUMÉ


Konstantin Petrov: Staurodécoration plastique de la rotonde à Konjuh

Sur les dalles de Konjuh sont représentées plus d'une dizaine de formes de croix. Sept de ces formes sont traitées comme des variantes particulières.

### Variante 1

La croix de cette forme, s'élargissant aux extremités des branches, apparait quelques fois dans les décorations de Konjuh. Chronologiquement cette forme est également particulière aux ornements de l'époque théodosienne et justinienne, et au périodes qui suivent. A l'époque théodisienne il est caractéristique que cette forme de croix figure particulièrement sur un grand nombre de monnaies émitées. Au point de vue matières cette variété de croix est représentée le plus souvent sur des reliefs de pierre et sur les monnaies, et plus tard dans l'Empire buzantin sur des étoffes sacrés. Au poin de vue térritoire, cette forme de croix est liée à la péninsule balcanique, à l'Italie et Constantinople. Enfin, le grand nombre de croix de cette forme figurant à Skupi, Stobi, Palikura, Suvodol témoignent que cette variété est aparticulière à la Macédoine au V siècle.

### Variante 2

Cette forme de croix, s'élargissant aux extrémités et cannelée au milieu, n'est représentée qu'une seule fois dans les ornements de Konjuh. Cette forme provient sans doute de la variante 1, en se développant. Les croix de la forme 2 pure, sont plutôt rares, et apparaissent dabord sur la péninsule balcanique. Cette forme est représentée aussi à l'époque théodosienne et justinienne, mais pas très fréquement, et plus tard elle change un peu d'aspect. Cette variété de croix est souvant représentée sur des monuments en pierre et en ivoire. Au point de vue térritoire, cette forme est particulière au Nord-est de l'Afrique, la Syrie et de Grouzie.

### Variante 3

La croix aux extrémités des branches arrondies est la forme la plus souvent représentée dans les décorations de Konjuh. Cette variété est une forme évoluée de la variante 1 et on y est parvenu en ajoutant des „perles fines" aux extrémités. Il parait que cette forme ne figure pas dans les ornements d'avant l'ère chrétiènne et elle est considerée comme une création purement chrétienne. Toutes les formes analogues ont une certaine différence avec cette variété, qui est la plus pure à Konjuh.

## Variante 4

Cette croix de petites dimensions, représentée seulement une fois à l'angle d'une dalle auprès d'une autre croix, a beaucoup de formes analogues. Les branches de cette croix s' élargissent à partir du centre et ressemblent à des trapèzes allongés; dans chaque bras il y a une incision qui suit les contours des branches. Cette variété est représentée très souvent à l'époque avant Justinien, on la trouve également à l'époque justinienne jusqu'au IX siècle, et même plus tard. Cette forme est spécialement représentée sur du métal, ensuite sur la peirre et l'ivoire. Au point de vue térritorial, on rencontre cette forme sur la côte orientale de la Méditerranée. On la trouve aussi, mais rarement en Egypte central et au Gotland.

## Variante 5

Dans les ornements de Konjuh cette croix figure sur deux fragments. Les quatres branches de cette croix, formées de trois bandes, qui s'élargissent en evantail du centre vers la périphérie, et en même temps se courbent vers la droite (chez l'autre fragment vers la gauche). Cette forme de croix a evoluée sans doute de la croix gammée, qui parfois était représentée avec six branches, et elle a également un lien avec la rosace à 12 branches, par l'idéee et par le nombre de bras. Toutes les anciennes formes de l'ère antichrétienne et chrétienne ont une sertaine similitude avec la variante 5, et on trouve des éxemplaires identiques même jusqu'au VIII et XII siècle. Cette variété est au point de vue territorial liée à la côte orientale méditerranéenne, et on la trouve exceptionnellement aussi en Chine.

Dans les ornements de Konjuh il y a deux variantes de croix gammées, la variante 6 et la variante 7. Les deux variantes sont représentées sur un fragment chacune, et par leurs formes qui est assez libre, comme est libre la disposition des gammas, elles n'ont pas beaucoup de similitude.

Comme conclusion on peut dire, que parmi les croix des ornements plastiques de la rotonde de Konjuh, ily an a de particulières aux époques théodosienne, justinienne et postérieures, excepté la variante 5, qui est spécialement liée à Konjuh, et au VIII et IX siècle à l'Italie,

Les fragments aux croix nous donnent la possibilité de faire encore deux conclusions. La première est, que dans les ornements de Konjuh il y a un grand nombre de croix qui sont disposées dans des cercles, comme en est le cas avec les croix de Stobi, avec la seule différence, qu'à Stobi ce sont les cercles qui dominent par le nombre et par leurs ornements. Ces cercles ornés sont la suite des cercles simples qui figuraient autour des croix dans la période néolithique, dans les ornements égyptiens et archaiques, sur les monnaies macédoniennes et grecques et les cercles des croix cophtes des premiers chrétiens. Les cercles des ornements de l'Empire byzantin ont pris quelques choses de la signification symbolique antéchrétienne où il y avait un lien d'idées avec l'évolution des éléments, la transmigration, le soleil, les dieux du soleil, la lumière etc.

La seconde conclusion est que parmi les anciennes églises byzantines en Macédoine, la rotonde de Konjuh a le plus grand nombre de formes de croix. Parmi plusières suppositions, la plus certaine est, que les maitres-tailleurs de peirre, qui ont travaillé à Konjuh, ont du précédemment travaillé dans plusieures contrées de l'Empire byzantin, où ils ont eu l'occasion de voir toutes ces formes de croix, et peut être en y mêlant de nouveaux éléments, les ont reproduites à Konjuh.